**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

# Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А К О Н К У Р С

**за запишување вонредни студенти на прв циклус по Проектот 35/45 на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип во учебната 2013/2014 година**

**Штип, 2013 г.**

**Дополнување на Конкурс за запишување вонредни студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во учебната 2013/2014 година**

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип објавува Дополнување на Конкурс за запишување вонредни студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во учебната 2013/2014 година

**I. Број на студенти**

На единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип во прва година на прв циклус универзитетски и стручни студии, за кои се стекнува универзитетска диплома или професионална диплома, во учебната 2013/2014 година ќе се запише следниов број студенти:

| ФАКУЛТЕТИ<br><br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | вонредни | износ на кофинансирање (ЕУР) |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА** | **15** | **200** |
| ШТИП | | |
| Информатика | 5 | 200 |
| Бизнис информатика | 5 | 200 |
| КАВАДАРЦИ | | |
| Информатика | 5 | 200 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | **5** | **200** |
| ШТИП | | |
| Индустриска логистика | 5 | 200 |
| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | **20** | **200** |
| РАДОВИШ | | |
| Системи за автоматско управување | 20 | 200 |
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ** | **10** | **200** |
| ВИНИЦА | | |
| Производно машинство | 10 | 200 |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | **20** | **200** |
| ПРОБИШТИП | | |
| Текстилно инженерство | 20 | 200 |
| **ВКУПНО** | **70** | **200** |

**Запишување вонредни студенти**

1. Како вонредни студенти по овој Конкурс може да се запишат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат Договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни, за мажи од 45 години, за жени постари од 35 години.

   За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

2. Вонредни студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-иста.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат Договор за вработување на неопределено време или лекарско уверение за причините наведени во точка 1, став 2.

**Рокови за пријавување и запишување**

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ 2013/2014 ГОДИНА | I УПИСЕН РОК | II УПИСЕН РОК | III УПИСЕН РОК |
|---|---|---|---|
| | ВИД НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | | |
| | Без проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења |
| Пријавување на кандидатите | **13, 14 и 15 август** | **29 и 30 август** | **13 септември** |
| Објавување на резулати од успехот во средно образование | **19 август** | **4 септември** | **17 септември** |
| Објавување на решение за прием на кандидатите | **23 август** | **10 септември** | **20 септември** |
| Запишување на кандидатите | **26 и 27 август** | **12 септември** | **23 септември** |

**Документи за пријавување и запишување**

При пријавувањето за запишување на Универзитетот кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. Пријава за запишување;
2. Оригинални свидетелства од сите класови;

3. Државна матура, меѓународна матура или училишна матура;
4. Свидетелство за завршено средно образование;
5. Извод од матичната книга на родените;
6. Доказ за државјанство на РМ (уверение или решение);
7. Потврда за уплатени:
   - **300 денари** на жиро-сметката на Универзитетот, за студиски програми за кои **не се врши проверка** на знаењата и умеењата, и уплата за административна такса за 50 денари;

     Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип 100000000063095
     Сметка на корисник 1600160330 -788 -18
     Приходна шифра 723019
     Програма 44
     Образец ПП-50

**Запишувањето по објавената листа за прием се врши со оригинални документи.**

Свидетелствата на кандидатите стекнати во странство треба да бидат нострифицирани.

Во **Штип** кандидатите се пријавуваат на : Факултет за природни и технички науки и Факултет за информатика.

Во **Кавадарци** кандидатите се пријавуваат на: Факултет за информатика.

Во **Радовиш** кандидатите се пријавуваат на: Електротехнички факултет.

Во **Пробиштип** кандидатите се пријавуваат на: Технолошко-технички факултет.

Во **Виница** кандидатите се пријавуваат на: Машински факултет.

При запишувањето примените кандидати поднесуваат:

1. Индекс и студентска легитимација;
2. Три фотографии (2 од 6x9; 1 од 4x5);
3. Пријавни листови;
4. Потврда за лично годишно осигурување во осигурителна компанија по избор на студентот, со минимален износ од 150 денари.
5. Потврди за уплати согласно Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на Универзитетот објавена во „Универзитетски гласник“ број 25 од декември 2012 година.

**Пријавувањето се врши со оригинални документи.**

КОНКУРСОТ Е ОБЈАВЕН НА ИНТЕРНЕТ – СТРАНИЦАТА:
http://www.ugd.edu.mk/